РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Радиодифузерите што емитуваат платено политичко рекламирање за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори 2020

За: Управителите/директорите и одговорните уредници

Бр. 03-2841/1

Скопје 10.07.2020г.

**Предмет: Извештаи за реализирани услуги, нивна потврда и исплата на трошоците за емитувањето платено политичко рекламирање**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Почитувани,

Со овој допис би сакале да Ве потсетиме на обврските и роковите од Изборниот законик поврзани со исплатата на трошоците за емитуваното платено политичко рекламирање за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори 2020 година.

Имено, согласно член 76-д став 8 од Изборниот законик, во рок од 5 дена од настапување на предизборниот молк (или **најдоцна до 17 јули 2020 година**), по електронска пошта на - izbori@avmu.mk, во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, треба **да доставите Извештај за реализирани услуги**.

**Образецот на Извештај** Ви го испраќаме во прилог на овој допис, а **ќе биде објавен и на нашиот веб сајт** www.avmu.mk во делот ИЗБОРИ 2020.

**Агенцијата е должна да ги потврди извештаите** за реализирани услуги на радиодифузерите во рок од 5 дена од денот на нивното доставување (или **најдоцна до 22 јули 2020 година**). Начинот на потврда на извештаите е уреден во Упатството на Агенцијата за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање (бр.01-2544/1 од 15.06.2020 година).

Во рок од 5 дена од денот на потврдување на извештаите од страна на Агенцијата (или **најдоцна до 27 јули 2020 година**), **потврдениот извештај треба да го доставите до учесниците во изборната кампања** со кои имате склучено договори за емитување платено политичко рекламирање.

Во истиот рок **најдоцна до 27 јули 2020 година**, до **Државната изборна комисија (ДИК) треба да ја доставите целосната документација за исплата на трошоците** за емитуваното платено политичко рекламирање.

Согласно член 76-д став 3 од Изборниот законик, **ДИК ги исплаќа трошоците** за објавеното платено политичко рекламирање **врз основа на доставена фактура** од Ваша страна, **во чиј прилог доставувате и договори, медиа планови и извештај за реализирани услуги** потврден од Агенцијата, во рок од 30 дена од настапување на предизборниот молк (или **најдоцна до 11 август 2020 година**).

**Доколку се одржува втор изборен круг, сите рокови се поместуваат**, за што дополнително ќе Ве известиме.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

------------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Прилог:

- Образец на Извештај за реализирани услуги